*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА - ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник<br>на Општина - Штип<br>Излегува по потреба | Број 8<br>3 јули 2008 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLV |


156.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1613/2<br>2 јули 2008 година<br>Ш т и п | Градоначалник<br>на Општина Штип<br>Панде Сарев, с. р. |

157.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 3/99-пречистен текст и 04/02) членот 94 се брише.

Член 2

Членот 95 се менува и гласи:

„Начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање, како и висината на надоместокот за поставената опрема, Општината ќе ги утврди со посебна одлука“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1613/1
27 јуни 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

158.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1614/2
2 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

159.

Врз основа на член 75 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ број 26/96, 40/99, 96/00, 29/02 и 68/04) и член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип и висината на надоместокот која треба да го платат правните и физичките лица кои имаат поставено или ќе постават опрема за рекламирање.

### Член 2

Под опрема за рекламирање се подразбира објекти за рекламирање на територијата на Општина Штип (билборди, сити-лајт, рекламни патокази и слично).

### Член 3

Правните и физичките лица кои сакаат да постават опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип, поднесуваат барање до Одделението за комунални дејности на Општина Штип со кое приложуваат:

1. обележани локации каде предлагаат поставување на опремата за рекламирање (4 ситуации)
2. опис на изгледот на опремата за рекламирање со нејзини основни податоци (димензија, материјал, боја и слично)
3. графички приказ на опремата за рекламирање (2 приморока)
4. доказ за платена административна такса.

### Член 4

Одделението за комунални дејности донесува решение со кое ги определува местата (микролокациите) на кои барателот може да ја постави опремата за рекламирање по претходна согласност на Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи-Штип.

Врз основа на добиеното решение за поставување опрема за рекламирање, барателот со општината склучува договор во кој поблиску се уредуваат правата и обврските на двете договорни страни.

### Член 5

За поставување на опрема за рекламирање се плаќа надоместок и тоа:

1. за објекти со димензии од над 1м х 1м до 1,5м х 2,5м надоместокот изнесува 6.000,00 денари годишно.
2. за објекти со димензии поголеми од 1,5м х 2,5м надоместокот изнесува 10.000,00 денари годишно.

За објекти со димензии под 1м х 1м не се плаќа надоместок, туку само комунална такса во согласност со Одлуката за утврдување висината на комуналните такси („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/05).

Член 6

Правните и физичките лица се должни надоместокот да го платат во периодот од 15 до 30 јануари во секоја календарска година, освен за првата година кога уплатата ќе се изврши со донесувањето на решението.

Член 7

Доколку правните и физичките лица не го платат надоместокот согласно член 4 и 5 од оваа Одлука, Општина Штип има право да го наплати долгот по присилен пат.

Член 8

Одредбите од член 5 на оваа Одлука нема да важат за сите правни и физички лица кои со општината имаат склучено договори за поставување опрема за рекламирање, се до истекот на времето за кое е склучен договорот.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1614/1
27 јуни 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

160.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за определување приоритет за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1615/2
2 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

161.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Штип.

### Член 2

Дел од постоечката локална патна мрежа во Општина Штип ќе се реконструира по следниот приоритет:

- Приоритет 1 - локален пат за село Шашаварлија;
- Приоритет 2 -локален пат за село Пиперово и локален пат за село Лесковица;
- Приоритет 3 - локален пат за селата Сарчиево, Врсаково и Судик;
- Приоритет 4 - локален пат за село Горачино;
- Приоритет 5 - локален пат за село Пухче.

### Член 3

Средствата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа во Општина Штип ќе се обезбедат преку Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ од Програмата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа во Република Македонија.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1615/1
27 јуни 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

162.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КУПУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за купување на основни средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1616/2
2 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

163.

Врз основа на член 1 од Одлуката за извршување на буџетот на Општина Штип за 2008 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 20/07) и член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КУПУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Член 1

Се одобрува купување на основни средства - патнички моторни возила.

Член 2

Средствата од 2.000.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во буџетот на Општина Штип за 2008 година ставка 483 - купување на мебел, опрема, возила и машини.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1616/1
27 јуни 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

164.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1617/2
2 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

165.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 01/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општината Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

На Радио клубот „Никола Тесла“ за учество на Светскиот радиоаматерски собир во Германија се доделуваат 30.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1617/1
27 јуни 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

166.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
# ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1618/2 | Градоначалник |
| 2 јули 2008 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

167.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
# ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се доделува еднократна парична помош за лекување на:

1. Шукри Мемед - 3.000,00 денари.
2. Перихан Ајрушова - 3.000,00 денари.
3. Јусин Асанов - 3.000,00 денари.
4. Томе Атанасов - 3.000,00 денари.
5. Царка Мицова - 3.000,00 денари.
6. Севда Сулиманова - 3.000,00 денари.
7. Рамадан Адемов - 5.000,00 денари.
8. Оливера Радевска - 4.000,00 денари.
9. Асан Дуровски - 3.000,00 денари.
10. Лидија Донева - 3.000,00 денари.
11. Дејар Рашидов - 3.000,00 денари.
12. Амдија Едхем - 3.000,00 денари.
13. Ванчо Димитриевски - 3.000,00 денари.
14. Назли Дурмишева - 6.000,00 денари.
15. Александар Маневски - 3.000,00 денари.
16. Сузан Бајрамова - 3.000,00 денари.
17. Тодор Митев - 3.000,00 денари.
18. Кемал Агушев - 3.000,00 денари.

19. Мерсиха Бајрамова - 3.000,00 денари.
20. Сибел Јашарова - 3.000,00 денари.
21. Ќевсер Асимова - 6.000,00 денари.
22. Митко Барбарејски - 6.000,00 денари.
23. Ленче Тасева - 6.000,00 денари.
24. Јорданка Андова - 3.000,00 денари.
25. Елизабета Апостоловска-Бокун - 3.000,00 денари.
26. Ѓунеј Демиров - 3.000,00 денари.
27. Лидија Успрцова - 3.000,00 денари.
28. Љупчо Георгиев - 3.000,00 денари.
29. Славица Танева Анева - 3.000,00 денари.
30. Јунус Реџепов - 3.000,00 денари.
31. Вилдана Вејселова - 3.000,00 денари.
32. Блашка Јорданова - 3.000,00 денари.
33. Златков Коле Љубе - 3.000,00 денари.
34. Павлина Хаџи-Николова - 3.000,00 денари.
35. Татјана Мемедова - 3.000,00 денари.
36. Перо Зарев - 3.000,00 денари.
37. Каролина Тодорова - 6.000,00 денари.
38. Џемиле Рашидова - 3.000,00 денари.
39. Миле Јакимовски - 6.000,00 денари.
40. Сељвија Асанова - 3.000,00 денари.
41. Фетије Мехмед - 3.000,00 денари.
42. Тахир Асанов - 3.000,00 денари.
43. Ајдар Неџипов - 6.000,00 денари.
44. Ленче Дечева - 3.000,00 денари.
45. Неџати Демиров - 3.000,00 денари.
46. Момчило Крстевски - 5.000,00 денари.
47. Сузана Јусинова - 3.000,00 денари.
48. Сабрије Идризова - 3.000,00 денари.
49. Ленче Тасева - 3.000,00 денари.
50. Ѓулџан Демирова - 5.000,00 денари.
51. Алмира Асанова - 3.000,00 денари.
52. Дејан Ристов - 3.000,00 денари.
53. Ибраим Алиев - 3.000,00 денари.
54. Миланчо Манев - 6.000,00 денари.
55. Драгица Кереместеска - 10.000,00 денари.
56. Станка Вучковска - 6.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1618/1
27 јуни 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

168.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

I

Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1619/2
2 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

169.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Еднократна парична помош се доделува на:

1. Мики Трајчевски - 5.000,00 денари.
2. Соња Мемедова - 3.000,00 денари.
3. Виолета Георгиевска - 3.000,00 денари.
4. Зоран Трајчевски - 20.000,00 денари.
5. Станка Мемедовска - 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1619/1 | Претседател
27 јуни 2008 година | на Советот на Општина Штип
Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

170.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“
НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства од „спортскиот денар“ на спортски клубови во Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1620/2 | Градоначалник
2 јули 2008 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

171.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“
НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

Член 1

Се доделуваат финансиски средства од „спортскиот денар“ на:

1. Аеро клубот „Штип“ за организирање на Светски куп во ракетно моделарство за сместување на судии и исхрана - 12.000,00 денари.
2. ФК „Брегалница-Пионери“-Штип за учество на меѓународен фудбалски турнир во Велс-Австрија по 2.000,00 денари од учесник односно за 21 учесник вкупно 42.000,00 денари.

3. ППК „Вилип Втори“ за двајцата учесници на меѓународниот турнир во Загреб по 6.000,00 денари вкупно 12.000,00 денари.
4. КК „Партизан“ за индивидуална котизација за учество на пионерите на Државното првенство за пионери во Скопје - 2.600,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 точка 1 да се уплатат на сметката на Аеро клубот „Штип“.

Средствата од член 1 точка 2 да се уплатат на сметката на ФК „Брегалница-Пионери“-Штип.

Средствата од член 1 точка 3 да се уплатат на сметката на ППК „Вилип Втори“ со намена за двајцата учесници на турнирот ЗАГИПИНГ.

Средствата од член 1 точка 4 да се уплатат на сметката на Карате клубот „Партизан“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-1620/1 | Претседател |
| 27 јуни 2008 година | на Советот на Општина Штип |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

172.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП БРОЈ 0701-1325/1

I

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за доделување на финансиски средства од „спортскиот денар“ на спортски клубови во Штип број 0701-1325/1.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1621/2 | Градоначалник |
| 2 јули 2008 година | на Општина Штип |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

173.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП БРОЈ 0701-1325/1 НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

Член 1

Во Одлуката за доделување на финансиски средства од „спортскиот денар“ на спортски клубови во Штип број 0701-1325/1 од 9 мај 2008 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/08) во член 2 после првиот став се додава нов став кој гласи: Средствата од член 1 точка 2 да се уплатат на сметката на Општинскиот фудбалски сојуз-Штип како трошоци за организирање на меморијалниот турнир.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1621/1
27 јуни 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

174.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за Штипско културно лето за 2008.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1622/2
2 јули 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

175.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА
ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2008 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за Штипско културно лето за 2008 со следните **заклучоци**:

1. Предвидените манифестации на локацијата „Кртеке“ да се префрлат во Домот на културата, Домот на младите и Безистен.
2. Доколку има откажување на одредени манифестации во рамките на предвидените средства и доколку има слободен термин да се вклучи хорот „Злата Мегленска“

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1622/1
27 јуни 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

176.

ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО

Советот на Општина Штип во рамките на своите надлежности согласно определбата да овозможи услови за континуирано остварување и заштита на културните вредности преку обезбедување на достапност до граѓаните и нивното масовно користење, од 04 април до 10 мај 2008, распиша Јавен повик за пријавување на проекти кои ќе бидат дел од содржината на ШКЛ ́08. Јавниот повик беше упатен преку сите локални медиуми, веб страницата на ЛС Штип и истиот ги постигна очекуваните резултати.

Во определениот рок до Советот на ШКЛ ́07 пристигнаа 67 проекти/ програмски содржини од сите области на уметничкото творење. Како апликанти се јавија: сите институции од областа на културата /национални и локални/;

невладини организации, група уметници и самостојни уметници/. Најголемиот дел од нив беа од нашиот град, а имаше и од целата Република, но и од странство.

Врз основа на пристигнатите апликации, а и по сопствена проценка Советот на три седници одржани на 27 мај, 4 јуни и 5 јуни ја креираше Предлог-Програмата за ШКЛ ´08 и истата преку Комисијата за општествени дејности и Комисијата за финансии и буџет му ја доставува на Советот на Општина Штип на усвојување.

Советот ШКЛ ´08, при разгледувањето на апликациите ги имаше во предвид основните заложби манифестацијата која има долга традиција и реноме истите да ги задржи преку обезбедување разновидност на содржините и квалитет.

Советот на ШКЛ ´08 му предлага на Советот на Општината при усвојувањето на Предлог-Програмата да ја има предвид флексибилноста со дадена можност прецизирањето на термините на одржување и местото на одржување дополнително да бидат утврдени. Ова пред сé заради можноста да се договара со учесниците според некоја наша динамика за реализирање на програмата, но и според ангажманот на уметниците. Советот на ШКЛ предлага манифестацијата годинава да има проширен период за реализација и би требало да започне на 1 јули и да трае до 15 август. Свеченото отворање на манифестацијата и содржината со која ќе се отвори дополнително ќе се утврдат. Годинава Советот на ШКЛ предлага да бидат реализирани 27 содржини.

Во рамките на трошковникот, Предлог-Програмата го содржи само збирниот трошок на програмскиот дел кој е предвиден од буџетот на Општината како организатор. Дополнителни трошоци околу маркетиншкиот дел на целокупната манифестација: печатење на флаери, плакат и документирање /фото сесии/ се предвидени во висина од 60.000 денари.

Заради поефикасно реализирање на активностите но и реално прикажување на чинењето надвор од програмата на институциите, Советот на ШКЛ предлага на националните установи Центар за култура и Завод и Музеј Штип по одржана манифестација во нивните објекти (Домот на културата, Народниот театар и УГ Безистен) заради вонредни трошоци и ангажман на персоналот да им се надоместат по 1500,00 денари од одржана манифестација.

Во прилог на информацијата е и табеларниот преглед на содржините и нивното чинење.

| | ***театарски проекти*** | ***име*** | ***носител*** |
|---|---|---|---|
| 1. | Група студенти во класа на В.Милчин | Ерини, робинки и владетели | самостоен |
| 2. | Група актери од Штип | Енигматични варијации | Ристески/Вртеовски |
| 3. | Драмски театар од Пазарџик-Р.Бугарија | Сон на летната ноќ | Центар за култура Ацо Шопов |
| 4. | Народен театар Куманово | Приказна за роланд кловнот од Мек Доналдс | |
| 5. | Народен театар Штип | Поблиски (премиера) | Центар за култура Ацо Шопов |

| | ***Музички проекти*** | ***име*** | ***носител*** |
|---|---|---|---|
| 1. | Фолкорна вечер | Хрватски танцови и игри КУД Препуштовац | Заедница на Хрвати во Македонија |
| 2. | Камерна музика | Рецитал на Жарко Паунов | самостоен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Камерна музика | Конц. пијано/хармоника Лазаров/Трајкова | самостоен |
| 4. | Хорска музика | Целовечерен концерт - Хор на пензионери Штип | Здружение на пензионери Штип |
| 5. | Рок концерт | Гиш-Банкрот блуз бенд-Пилева | ПД Лисец |
| 6. | Поп концерт | Словенечка група ДЕ ЖУР | самостоен |
| 7. | Џез концерт | Студенти на ФМУ при ДУ Г.Делчев Штип во класа на К.Рибарски/Г.Мицанов | ФМУ |
| 8. | Мултимедијален музички | Stacy fox -САД | самостоен |
| 9. | Промоција на ЦД | Јордан Костов/Ansamble moderne | Дом на млади |
| 10. | Музичка ретроспектива | Штипска музичка разгледница | Дом на млади |
| 11. | Поп фестивал-реприза | Чунга лунга | Дом на млади |
| 12. | Музички летен фестивал 2008 | | |
| 13. | Фолклорна вечер мак. Фолк | КУД од Македонија | самостоен |

| | ***Книжевни проекти*** | ***име*** | ***носител*** |
|---|---|---|---|
| 1. | Мулти мед.книжевен | Јазикот на доблеста | ЕМАРИ |
| 2. | Промоција на книга есеи | Рецепти за осаменост Братислав Димитров | Дом на млади |
| 3. | Промоција на роман | Јаков по единаесетте Јакови-Маја Стела | самостоен |
| 4. | Промоција книга стихови | Здивот на Брегалница-Цвета Спасикова | НУ-библиотека Г.Делчев |

| | ***ликовни проекти*** | ***име*** | ***носител*** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изложба масло на платно | Ниче Василев | Центар за култура АШ |
| 2. | Изложба, слики цртежи и графики | Зоран Малиновски | Завод и Музеј |
| 3. | Изложба масло на платно | Валентина Поцевска | Завод и Музеј |
| 4. | Ретроспективна изложба | Ленче Митевска | самостоен |

Како место на одржување на манифестациите според спецификите и потребите на проектите се предлагаат: вообичаените простори - Дом на култура-голема сала, Фоаје на Дом на култура, УГ Безистен, Планинарски дом Вртешка, Плато на Кртеке, Корито на река Отиња .

Проектираниот буџет е според сумите претставени од самите апликанти и изнесува вкупно 384.000,00 денари за програмскиот дел, 60.000,00 за маркетинг-шкиот и 20.500,00 за организациски трошоци или севкупно 464.500,00 денари.

| | Штипско културно лето '08 | | | од 1 јули до 15 август |
|---|---|---|---|---|
| | носител | вид на програмска активност (литература / театар / музика / ликовна) | финансии | место на одржување |
| 1. | **самостоен** | Хрватска фолк вечер - танцови игри и песни КУД Препуштовац | 20.000 | ЗХМ 12.јули |
| 2. | **самостоен** | Книжевна манифестација Јазикот на доблеста/мултимедијален проект | 15.000 | Библиотека |
